Уп. Бр. 08-2

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од **КЕР ТОКИ ПАУЕР АД,** со седиште и адреса во град Софија, бул. „Цар Освободител“ бр. 14, Бугарија, доставено преку адвокат М-р Никола Лазаров од Скопје, на седницата одржана на ден 14.02.2024 година, го донесе следното

## **Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која **КЕР ТОКИ ПАУЕР АД**, со седиште и адреса во град Софија, бул. „Цар Освободител“ бр. 14, **Бугарија**, ќе стекне контрола над **РЕЊУВАБАЛ ЕНЕРЏИ СУПЛАЈ ДОО Скопје**, со седиште на Бул.Свети Климент бр.30, **Република Северна Македонија**, по пат на купување на удел, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на на ден 04.01.2024 година, а дополнето на 23.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) доставено е известување за концентрација од страна на **КЕР ТОКИ ПАУЕР АД,** со седиште и адреса во град Софија, бул. „Цар Освободител“ бр. 14, Бугарија, со која КЕР ТОКИ ПАУЕР АД, ќе стекне контрола над **РЕЊУВАБАЛ ЕНЕРЏИ СУПЛАЈ ДОО Скопје**, со седиште на Бул.Свети Климент бр.30, **Република Северна Македонија**, преку купување на удел.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**КЕР ТОКИ ПАУЕР АД** нуди широк спектар на висококвалитетни услуги во областа на стекнување, продажба и дистрибуција на опрема што се користи при изградба и работа на фотонапонски централи, како и други апликации и капацитети базирани на електрична енергија произведена од сончева енергија, стекнување, изградба, работење и управување со фотоволтаични/соларни/електрани, решенија поврзани со енергетската ефикасност, системска интеграција и развој на софтвер, развој и обезбедување на интернет услуги и информациски технологии, поддршка на компјутерски системи, консалтинг, посредничка дејност како и секоја друга комерцијална активност која не е забранета со законите на Република Бугарија и за која не е потребна претходна дозвола (лиценца), а во случај кога е потребна дозвола за некоја од горенаведените активности, таа ќе се спроведе по добивање.

**Пред концентрацијата Друштво за трговија и услуги ЦЕНТРАЛ ИНВЕСТ ДОО Скопје**, со седиште на Бул.Свети Климент Охридски бр.30, Скопје – Центар и КЕР ТОКИ ПАУЕР АД се сопственици, и остваруваат заедничка контрола над **Друштвото за трговија и снабдување на електрична енергија РЕЊУВАБАЛ ЕНЕРЏИ СУПЛАЈ ДОО Скопје**, **кое преставува македонско друштво со ограничена одговорност.**

**КЕР ТОКИ ПАУЕР АД** освен уделот во **РЕЊУВАБАЛ ЕНЕРЏИ СУПЛАЈ ДОО Скопје** нема други претпријатија-ќерки, филијали или претставништва лоцирани во Северна Македонија.

Дејноста на Друштвото за трговија и снабдување на електрична енергија РЕЊУВАБАЛ ЕНЕРЏИ СУПЛАЈ ДОО Скопје претставува трговија со електрична енергија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**